# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВИНИЦА ЗА 2003 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Во 2003 година судот работата ја извршуваше во рамките на својата програма за работа за 2003 година. Активноста на судот беше насочена во: Заштитата на слободите и правата на граѓаните и други правни субјекти; Примена на Уставноста и Законитоста, во водењето на судските постапки и примена на правото; Воедначување на судската практика; Ефикасна казнена политика против сторителите на казниви дела; Отсранувањето на субјективните слабости и пропусти во работата на судиите и останатите вработени во судот.

Во судот се превземени конкретни мерки за совладување на тековниот прилив, и остатокот на нерешените предмети од претходните години, со цел да се ажурира работата во судот во рамките на кадровскиот потенцијал, обезбедените средства за работа и останатите услови за работа.

Во овој извештај ќе дадеме податоци за обемот на работата на судот за 2003 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот на работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршувањето на работата, судската управа, како и отценки за работата на судот и судиите.

## II. ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работата во судот ги опфаќа предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот од казнивата и граѓанската област на правото.Овие две области од работата на судот се прикажани преку сумарниот преглед на предметите по овие области ( Табела бр.1), опис на предмети по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2003 година, вкупно предмети во работа во 2003 година, решени предмети во 2003 година, нерешени предмети со состојба на 31.12.2003 година и однос на намалување односно зголемување на незавршените предмети на 31.12.2003 година во однос на нерешените предмети на 01.01.2003 година.

### А.ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА РАБОТА ВО СУДОТ ВО 2003 ГОДИНА.

За движењето на обемот на предметите за работа во судот го даваме следниот:

**Табела бр.1**
**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ВО 2003 ГОДИНА**

<table>
<tr><th colspan="2">Вид предмети</th><th>нерешени на 01.01.2003 г</th><th>примени во 2003г.</th><th>вкупно во работа во 2003г.</th><th>решени во 2003г.</th><th>нерешени на крајот на 2003г.</th><th>однос 2002/03</th></tr>
<tr><td colspan="8">КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Истраги</td><td>2</td><td>28</td><td>30</td><td>18</td><td>12 (-7)</td><td>+10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Истражни дејствија</td><td>2</td><td>44</td><td>46</td><td>42</td><td>4 (-3)</td><td>+2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кривични полнолетници</td><td>24</td><td>69</td><td>93</td><td>73</td><td>20</td><td>-4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кривични малолетници</td><td>-</td><td>14</td><td>14</td><td>14</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прекршоци</td><td>301</td><td>1919</td><td>2220</td><td>1927</td><td>293</td><td>-8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извр. крив. санкции</td><td>6</td><td>8</td><td>14</td><td>9</td><td>5</td><td>-1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извр.прек. санкции</td><td>855</td><td>1699</td><td>2554</td><td>1716</td><td>838</td><td>-17</td></tr>
<tr><td colspan="2">Замолници К и ПРК</td><td>4</td><td>10</td><td>14</td><td>11</td><td>3</td><td>-1</td></tr>
<tr><td colspan="2">КП</td><td>-</td><td>2</td><td>2</td><td>2</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">КС</td><td>1</td><td>43</td><td>44</td><td>44</td><td>-</td><td>-1</td></tr>
<tr><td colspan="2">подг.постапка за малолет.</td><td>-</td><td>13</td><td>13</td><td>13</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="8">ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Парнични(имотни семејни,работни)</td><td>118</td><td>545</td><td>663</td><td>579</td><td>84</td><td>-34</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стопански</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Стечај</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Ликвидација</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Управно смет.спорови</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">разни граѓански Р.бр.</td><td>-</td><td>29</td><td>29</td><td>28</td><td>1</td><td>+1</td></tr>
<tr><td colspan="2">замолници П и О</td><td>-</td><td>9</td><td>9</td><td>9</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">регистрации</td><td>судски регистар</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>трговски регистар</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>здруженија на граѓани ЗГФ</td><td>-</td><td>4</td><td>4</td><td>4</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">ВПП-делб.експ.брак</td><td>13</td><td>9</td><td>22</td><td>11</td><td>11</td><td>-2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Оставински</td><td>22</td><td>98</td><td>120</td><td>111</td><td>9</td><td>-13</td></tr>
<tr><td colspan="2">Разни ВПП-заверки</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Интабулации</td><td>-</td><td>1</td><td>1</td><td>-</td><td>1</td><td>+1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Хипотеки</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">заверки</td><td>-</td><td>655</td><td>655</td><td>655</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извршни приговори</td><td>-</td><td>28</td><td>28</td><td>28</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Извр -шни</td><td>судски одл. и друго</td><td>248</td><td>810</td><td>1058</td><td>804</td><td>254</td><td>+6</td></tr>
<tr><td>комуналии</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>1596</td><td>6037</td><td>7633</td><td>6098</td><td>1535 (-10)</td><td>-61</td></tr>
</table>

Од прегледот може да се заклучи дека на 01.01.2003г. останати предмети од претходната година има 1596, примени нови во 2003година има 6037 предмети, или вкупно во работа биле 7633 предмети, од кои се решение 6098 предмети а останале нерешени 1535 предмети односно, има намалување во 2003г. во однос на 2002година за 3,76% или за 61 предмет.

**Б. КАЗНИВА ОБЛАСТ**

**1. Истражни предмети**

На 01.01.2003година останале нерешени 2 предмети, примени во работа во 2003година 28 предмети или вкупно биле во работа во 2003 година 30 предмети, завршени предмети 18, останале 12 нерешени предмети на 31.12.2003година со тоа што 7 од предметите се на вештачење во Бирото за судски вештачења.

Мерката притвор е одредена во 2 предмета, за 2 лица.

Во истражните предмети останале за работа 12 предмета.

**2. Истражни дејствија**

Од претходната година останале нерешени 2 предмети, примени се во работа во 2003 година 44 предмети, или вкупно во работа во 2003 година биле 46 предмети, а завршени во 2003 година има 42 предмети, останале незавршени 4 предмети. 3 од незавршените предмети се на вештачење во Бирото за судски вештачења.

**3.Кривични предмети против полнолетни лица**

**а)Движење на предметите**

Од 2002 година останале нерешени 24 предмети, примени во работа во 2003 година 69 предмети, или вкупно во работа во 2003 година биле 93 предмети. Завршени предмети во 2003година, има 73 предмети, останале незавршени предмети на 31.12.2003 година 20 предмети, има намалување за 4 предмети.

**б) Жалбена постапка по кривични предмети**

Во 2003 година, од вкупно решените 73 предмети, по жалба биле 33 предмети , од тоа потврдени 14 предмети или 42,42%, преиначени 5 предмет или 15,15%, и укинати 10 предмети или 30,30%. Процентот од вкупно решените предмети изнесува 19,17%, потврдени, преправени 6,84% и укинати 13,69%

**в) Ефикасност во кривичниот прогон**

Односот меѓу ефективно изречените казни и условната осуда како и времетраењето на постапката, ја покажува ефикасноста во кривичниот прогон. Осудителни има 50 предмети. Траењето на постапката по 38 предмети изнесува до 3 месеци - 20 предмет од 3 до 6 месеци - 4 предмети од 6 месеци до 1 година и -11 предмети над 1 година .

**г) Казнена политика**

Во 2003 година се решени 73 предмети од кои се донесени 62 пресуди и 11 решенија по кривичните предмети. Осудителини има 50 пресуди, ослободителни 5 пресуди и одбивателни 7 пресуди.

Односот помеѓу осудителните, ослободителните, и одбивателните пресуди, односно имаме: 80,6% осудителни , 8% ослободителни и 11,29% одбивателни пресуди.

**д)Вонредни правни лекови во кривичните предмети во 2003 година**.

Во 2003 година има поднесено барање за вонредно преиспитување на пресуда по 2 предмета и молба за помилување во 2 предмета, кои се решени.

**ѓ) Извршување на кривични санкции**

На 01.01.2003г. останале неизвршени 6 кривични санкции, примени се во работа уште 8 предмети или вкупно во работа имало 14 предмети, од кои е извршена санкцијата по 9 предмети, останале неизвршени 5 предмети. По истите дадени се наредби за приведување заради упатување на извршување на казната но поради отсутноста на осудените лица од местото на живеење, истите не се извршени .

**е) Извршување на кривични предмети против малолетни лица**

На 01.01.2003 година нема кривични предмети за малолетни лица, примени се во 2003 година 13 предмети, завршени во 2003 година 13 предмети, незавршени нема.

Каректиристиката кај малолетничките предмети е да сторителите најчесто извршуваат кривични дела, "Тешка кражба"," Кражба", "Насилство", "Телесна повреда", "Полов напад врз дете".

Од собраните податоци за извршените кривични дела може да се заклучи дека сторителите се неорганизирани, случајни, без некоја цел и мотив.

**5. Прекршочни предмети**

**а)Движење на прекршочните предмети**

На 01.01.2003година останале нерешени 301 предмет, примени во работа во 2003 година 1919 предмети, вкупно во работа во 2003 година 2220 предмети. Во 2003 година се решени 1927 предмети, останале нерешени 293 предмети, има намалување за 8 предмети во однос на 2002 година, иако во 2003 година имаме зголемување на прекршочните предмети за 82,9%.

**б) Жалбена постапка**

Во 2003 година по жалба биле 98 предмети од вкупно решените 1927 предмети.

Останале не обжалени 1829 предмети.

Од обжалените 98 предмети потврдени се 52 предмети или 53,06%, преиначени 24 предмети или 24,48%, и укинати 22 предмеи или 22,44%.

Од вкупниот број на решени предмети потврдени 2,69%, преиначени 1,24%, и укинати 1,14%,

Од вкупниот број на донесени пресуди 1927 необжалени се 1829 предмети или 94,91%.

**в) Ефикасност во прекршочниот прогон**

Ефикасноста во прекршочниот прогон се однесува на соодносот помеѓу изречените казни од вкупно решените предмети.

Од вкупно решените 1927 предмети, во 1260 предмети е изречена казна или по 65,38% , запрена е постапката по 248 предмети или 12,86 % и донесени решенија по 419 предмети односно 21,74%. Од што може да се заклучи дека ефективните казни се на задоволитено ниво.

**г)Казнена политика**

Од вкупно решениете 1927 предмети во 2003 година се донесени 1501 пресуди и 426 решенија од кои :

со ефективна казна 1260 предмети или 64,38% или со прекршочна опомена 377 предмети. Во вкупно донесените пресуди опомените се застапени со 19,56%

**д) Мерки за безбедност**

За отстранувањето на состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да врши прекршочно дело се одредувани мерки на безбедност во 172 предмети, по области: шумски 16, сообраќај 137, набавка на оружје 6, Закон за растенија 3, закон за царина 2, Закон за странци 3 и по Закон за акцизи 5.

**ѓ)Вонредни правни лекови**

Во судот по прекршочните предмети завршени со правосилна пресуда е поднесено барање за повторување на постапката по 13 предмет и истите се решени.

**е)Извршување на прекршочни санкции**

На 01.01.2003г. останале неизвршени 855 предмети, примени се во работа во 2003 година, 1699 предмети или вкупно за извршување имало 2554 прекршочни предмети.

Се извршени 1716 прекршочни санкции, а останале неизвршени 838 предмети или има намалување во однос на претходната година за 17 предмети.

**В. ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

**1.Граѓански спорни предмети**

**а) .Движење на спорните парнични предмети**

На 01.01.2003година останале нерешени 118 предмети, примени се во работа 545 предмети, или вкупно во работа 663 предмети од кои решени 579 предмет, а останале нерешени 84 предмети. Намалување на заостатокот од 2002 година е за 34 предмети.

Со пресуда се решени 274 предмети или 47,32% со спогодба се решени 132 предмет или 22,79% и на друг начин се решени 173 предмет или 29,87 %

**б).Жалбена постапка**

Во текот на 2003 година обжалени биле 130 предмети, од кои се потврдени 69 предмети или 53,07%, преиначени 3 предмети или 2,3%, и укинати 44 предмети или 33,8%.

Во вкупниот број на решение 579 предмети, од обжалените 130 предмети , потврдени се 11,91%, преиначени 0,5%, и укинати 7,59%.

**в).Вонредни правни лекови**

Во 2003 година поднесено е ревизија по 1 предмет кој сеуште не е вратен. Од 2002 година вратени се 6 предмети по ревизија и истите се потврдени.

Поднесено барање за заштита на законитоста по 1 предмет, предметот е укинат.

**2.Оставински предмети**

На 01.01.2003година останале нерешени 22 предмети, примени се во работа 98 предмети или вкупно во работа во 2003 година имало 120 предмети, од кои решени 111 предмети а останале на 31.12.2003година нерешени 9 предмети. Овие 9 предмети не се решени поради отсутноста на дел од наследниците од местото на живеење, на работа во странство.

Во споредба со 2002 година има намалување за 13 предмети.

Жалба е изјавена по 3 предмети од кои 2 се потврдени и 1 укинат.

**3.Вонпроцесни предмети**

На 01.01.2003г. биле нерешени 13 предмети, има примени 38 нови предмети или вкупно 51 предмет, од кои завршени 39 предмети, а останале 12 предмети нерешени. Има намалување за 1 предмет во споредба со 2002 година .

Во овие предмети се евидентирани збирно разни граѓански и ВПП предмети .

**4.Оверки**

Во 2003 година судот има примено во работа 655 предмети, решени 655 предмети и се однесуваат на заверување на апостиле, договор за доживотна издржка и договор за подарок за време на живот.

**5.Извршни граѓански предмети.**

На 01.01.2003г. извршни граѓански предмети имало 248 предмети, примени нови предмети во работа 810 предмети, или вкупно 1058 предмети, од кои се завршени 804 предмети а останале 254 предмети, има зголемување за 6предмети .

Против дозволеното решение за извршување по извршените предмети има поднесено 28 приговори и сите се решени.

## III. АЖУРНОСТ

## А. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста на судот односно навременото постапување по предметите и нивното завршување ќе го прикажеме преку: совладување на приливот на предметите; времето на решавање на предметите; бројот на старите нерешени предмети; и месечниот заостаток на предметите по судија.

**1.Ажурност према совладувањето на приливот на предметите во текот на годината**

Спрема овој критериум судот не се смета за ажурен ако не го совлада приливот на предметите во текот на годината.

Од прегледот (Табела бр.1) може да се заклучи дека од приливот во текот на годината од 6037 предмети, се решени 6098 предмети или 101,01%, што значи дека е ажурно работено, судот го има совладено приливот.

**2.Ажурност спрема времетраењето на постапката**

Спрема овој критериум се прикажува времетраењето на решавањето на предметите во судот и тоа предмети решени до 3 месеци, предмети решени од 3 до 6 месеци, предмети решени од 6 месеци до 1 година, предмети решени над 1 година. (Табела бр.10)

Во прегледот на траењето на постапката (Табела бр.10) се прикажани вкупно решените: истраги, кривични предмети за полнолетни лица, кривични предмети за малолетни лица и парнични предмети во 2003 година, од тоа истраги 18 предмети, кривични предмети за полнолетни лица 73 предмети, кривични предмети за малолетни лица 13 предмети, и парнични предмети 579.

Према времетарењето :

- до 3 месеци траела постапката по 468 предмети
- од 3 до 6 месеци траела постапката по 111 предмети
- од 6 месеци до 1 година траела постапката по 76 предмети,
- над 1 година постапката траела по 28 предмети.

Во траење на постапката до 3 месеци се решени 68,52%, од 3 до 6 месеци 16,25%, од 6 месеци до 1 година 11,12%, и над 1 година 4,09%.

Ако понатаму ги групираме во две групи ќе добиеме до 6 месеци предметите се решавани во 84,77% а над 6 месеци во 15,23%.

**3.Ажурност спрема бројот на старите нерешени предмети**

Спрема овој критериум за стари предмети ќе се сметаат предметите кои што дошле во годината и пред тоа кое претходи на извештајната година. (Преглед на нерешени стари предмети-за 2003 година- во прилог).

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел од 1998 до 2001 година има 2 предмети и тоа кај кривичните предмети за полнолетни лица од 1998 година 1 предмети и од 1999година 1 предмет.

Стари нерешени предмети во граѓанскиот оддел од 1998година до 2001 година, има 13 предмети од кои:

-граѓански предмети од 2001 година има 6 предмети, од 2000 година 3 предмети, 2 од 1999година, 1 од 1998година, и 1 од 1996 година.

-оставински предмети до 2001година предмети, односно од 2001 година 2 предмети и од 2000 година 1 предмет.

-Други вонпроцесни предмети до 2001 година 7 предмети и тоа од 2001 година 1 предмет, 1 предмети од 2000година, 2 предмети од 1998 година, 1 предмет од 1995година и 2 предмети од 1994г.

-Извршни стари предмети има во 1994 година 2 предмети 1995 година 1 предмет, 1996 година 1 предмет, 1998година 4 предмети, 1999година 3, 2000 година 5 предмети и од 2001 година 9 предмети или вкупно 25 предмети.

Од овој преглед може да се заклучи дека најголем број на стари предмети се од извршните предмети 25 предмети.

**4.Ажурност спрема месечниот заостаток**

Спрема овој критериум за **релативно ажурен** суд се смета 3(три) месечниот заостаток на предмети за работа по судија, а апсолутно ажурен се смета со 1(еден ) месечен заостаток на предмети за работа, за решавање по судија.

Согласно овој критериум на Табела бр,.1Б ( во прилог на извештајот ) се дадени нерешени предмети на 31.12.2002г. или орентациона норма на Врховниот суд на Р.М. и потребна работа во месеци за нерешени предмети ( кое се добива со делење на останатите предмети со нормата).Потребното време се собира со сите видови предмети во месеци и се дели на судии кои се распоредени во работа по предметите.

Од прегледот може да се заклучи дека месечен заостаток на предмети на 31.12.2003 година има: за 8 месеци работа и тоа во кривичниот и граѓанскиот оддел 5,57 месеци, ако се подели овој број по месеци на 3,5 судии колку се распоредени по распоредот за работа ќе се добие резултатот од 1,5 месеци работа по судија месечен заостаток. Тој во прекршочните предмети изнесува 2,01 месеци работа, заостаток на нерешени предмети поделено на 1,50 судии или заостаток на предмети од 1,3 месеци работа по судија.

Вкупно заостаток на предмети за работа има за 7,58 месеци, поделено со 5 судии, произлегува дека има заостаток на предмети за работа од 1,5 месеци работа по судија.

Претседател на судот,
Васка Петрова